WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**ВИНЕР - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ

## ЗА ЧЛЕНОВИ НА КУЛТУРНО УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

Јули 2014 година

Усвоени и донесени со одлука на Управниот одбор на АД ВИНЕР број 9865/0202/1/14 од 18.08.2014 година

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Посебни услови за осигурување на членови на културно-уметнички друштва од последици на несреќен случај (во понатамошен текст: посебни услови), се составен дел на договорот за осигурување на членови на културно-уметнички друштва од последици на несреќен случај (незгода), кој договорувачот на осигурувањето го склучува со "ВИНЕР" Друштво за осигурување А.Д. Скопје (во понатамошен текст: осигурувач).

(2) Договорувач може да биде секое културно-уметничко друштво или сојуз на културно-уметнички друштва.

(3) Лицата што се осигуруваат по овие посебни услови, осигурени се без оглед на нивната здравствена состојба, општата работна способност, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9, став (3), точка 5 на Општите услови, освен лицата потполно лишени од работна способност кои во секој случај се исклучуваат од осигурувањето.

## ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 2

За секој новодојден член, осигурувањето започнува без претходно пријавување во 00,00 часот на денот на стапување во членството, а престанува за секој член во 24,00 часот оној ден кога престанало неговото членство.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 3

(1) Ако е договорено осигурување за професионални членови, осигурувачот е во обврска за целото време на траење на осигурувањето.

(2) Ако е договорено осигурување за аматери членови на културно-уметничкото друштво, осигурувачот е во обврска кога несреќниот случај ќе настане:

1. додека осигуреникот се наоѓа на пат од дома до местото на состанокот (за поаѓање на пат), проба или настап,
2. за време на проба или настап,
3. од местот на разделувањето (при враќањето од пат), проба или настап на пат до дома,
4. за време на организирано патување-турнеи поради настап.

## ОБВРСКА НА ОСИГУРУВАЧОТ КОГА ОСИГУРЕНИКОТ Е ПОМЛАД ОД 14 ИЛИ ПОСТАР ОД 70 ГОДИНИ

### Член 4

(1) Ако поради несреќен случај настапи смрт на осигуреникот помлад од 14 години, осигурувачот е во обврска да исплати на име трошоци за погреб, договорена осигурена сума за случај на смрт, но најмногу до износот кој евентуално дополнително ќе биде максимално утврден со Одлука на Управниот одбор на "ВИНЕР" Друштво за осигурување А.Д. Скопје.

(2) Кога лицето што претрпело несреќен случај е постаро од 70 години, осигурувачот е во обврска да исплати само 50% од износот кој инаку би требало да го плати.

## ПОСТАПКА ПО ПРИГОВОРИ

**Член 5**

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Член 6**

Побарувањата од договорот за осигурување застаруваат за три години.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 7**

За се што не е предвидено со овие Посебни услови се применуваат одредбите од Општите услови за осигурување од последици на несреќен случај - незгода.
За одредување на процент на инвалидност и дневен надомест се применува Табелата за определување на процент на траен инвалидитет која е составен дел на Општите услови.

**Член 8**

*Постапка по жалба*

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

*Решавање на спорови*

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

**Член 9**

Со влегувањето во сила на овие Посебни услови за осигурување на членови на културно-уметнички друштва од последици на несреќен случај – незгода, престануваат да важат сите претходно донесени по истиот основ.

АД за осигурување ВИНЕР WINNER VIENNA INSURANCE GROUP Виена Иншуренс Груп Скопје

друштво за осигурување ВИНЕР - **Виена Иншуренс Груп** Скопје
Ул. Владимир Комаров бр.11А, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.+389 (02) 32 31 631 Факс.+389 (02) 32 31 632 е-пошта: winner@winner.mk